# Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска на работилница за НАТО програма за наука за мир и безбедност

28.03.2024 – Клуб на Пратеници, Скопје

Денешниот настан ќе ни овозможи уште една голема придобивка од членството на МКД во Алијансата. Покрај гарантираната безбедност, покрај можноста домашните компании да настапат на НАТО пазарот, овде денес ќе бидат презентирани непрегледните можности на научно вмрежување, меѓусебната поддршка во развојот на иновациите и технолошкиот напредок и размената на знаење.

Во свет кој исклучително брзо се менува, повеќе од неопходни ни се науката и разумот, како темелни вредности и најмал заеднички содржател на компромисот кој треба да го постигнат низата на општествени чинители.

За помалку од една деценија, светот се соочи со кризи со кои не се соочила алијансата од нејзиното основање пред седумдесет и пет години. Променета безбедносна средина, сајбер нападите, далечински управуваните системи, следењето на комуникациите, здравствена криза и пандемија, енергетска криза, борба со дезинформации, се само еден сегмент од нашето секојдневие. Затоа, во такви услови повеќе од важно е брзо да се приспособиме на променетите услови , и како општество, и како институции и како индивидуи, бидејќи секој сам не може се, но сите заедно, можеме многу.

Токму затоа, особено ни се важни интердисциплинарните истражувања и отвореноста на академскиот простор, за пред сè, да го зачуваме дијалогот помеѓу сите чинители жив, отворен и витален, и да ги донесеме најдобрите  решенија за сите, со помош на наука базирана на докази, преку која ќе обезбедиме траен мир и просперитет за сите граѓани во сите области на живеењето.

Впрочем и идејата на НАТО за развој на оваа програма е да ги охрабри невоените односно цивилните аспекти на науката, во служба на науката и безбедноста базирана на пристапот на почитување на човековите права.

Таа ги поврзува научниците, експертите и службениците од НАТО и нејзините партнерски земји за да се справат со овие предизвици преку научно истражување, технолошки иновации и размена на експертиза и знаење.

Сите активности на програмата придонесуваат за стратешките цели на Алијансата, како што се дефинирани во Стратешкиот концепт на НАТО и во Политиката за партнерство на Алијансата, а произлегуваат од политичките состаноци кои ги извршуваме на високо ниво.

Во нашата земја веќе постојат успешни приказни од користењето на фондовите на програмата на НАТО за наука за мир и безбедност и дел од нив ќе бидат споделени и денес во рамки на оваа работилница, а уште многу нови успешни приказни верувам дека ќе бидат испишани после оваа работилница.

Членството во НАТО на сите членови на академската заедница- професори, истражувачи и студенти им отвора нова димензија на поддршка, на можност за соработка со колегите од сојузничките и партнерски земји и таа можност треба да се искористи. Бидејќи резултатите ќе бидат од корист за сите.

Како и секогаш, Министерството за одбрана е лојален партнер и на академската заедница и на невладините организации. Ќе бидеме отворени за соработка и во иднина.

Ви благодарам и ви посакувам успешна работилница.